Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14, 4/19, 7/19 и 1/21), по барање на **Ројал Солутионс Подружница Управител плус - Скопје,** за кастрење на дрвја, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 2 (две) дрвја (јасен и слива), кои се наоѓаат на **ул. „Иван Аговски" бр. 9/1 – Скопје.**
2. Кастрењето на дрвјата ќе го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрењето на дрвјата да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Ројал Солутионс Подружница Управител плус - Скопје, ул. "Багдадска" бр. 36 А - 10 - Скопје** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/210** од **31.03.2023** година, за кастрење на дрвја, што се наоѓаат на **ул. „Иван Аговски" бр. 9/1 – Скопје.** Службено лице, од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација.
При тоа, е утврдено дека, дрвјата предмет на барањето се наоѓаат блиску до станбена зграда, имаат широко разгранети крошни и со своите гранки удираат во прозорците и фасадата од зградата и причинуваат материјална штета на истата.
Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20 ) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.
Согласно член 11 став 1 точка 1 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на РМ" бр.11/18 и 42/20) зелените површините покрај објекти за домување (станбени куќи, станбени згради и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.
Согласно член 14 од горе наведениот закон, подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С" или кастрење: „К").
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило, дека зеленилото е во состојба што треба да се искастри, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

Поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/210/2**
**10.04.2023** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:

**Александра Гочевска**

контролирал:

Раководител на Одд.
**Емил Дуровиќ**

Помошник Раководител на Сектор
**Драги Митковски**

По овластување на
Градоначалник на Град Скопје
Секретар на Град Скопје
**Зоран Глигоров**